ССМ

# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 8, Август 2014 година

## ОДБЕЛЕЖАН 2-РИ АВГУСТ- ИЛИНДЕН

**2.8.2014**



Положување на свежо цвеќе пред споменикот на АСНОМ во паркот „Жена борец "

По повод големиот македонски државен празник 2 Август, на кој се одбележува 70-годишнината од одржувањето на АСНОМ и 111-годишнината од Илинденското востание, делегација на Сојузот на синдикатите на Македонија, предводена од претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, денеска, 2.8.2014 година, положи цвеќиња пред споменикот на АСНОМ во паркот „Жена борец", пред споменикот на Никола Карев, пред Собранието на Република Македонија и пред споменикот на Методија Андонов Ченто на плоштадот „Македонија".

Пред спомениците на АСНОМ, на Никола Карев и на Методија Андонов Ченто цвеќиња положија и Претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, претставници од Владата и од Собранието на Република Македонија, претставници од Генералштабот на Армијата на Република Македонија, членови на Сојузот на борците, претставници на политички партии, на дипломатскиот кор во нашата земја, здруженија на граѓани и организации.




Положување на свежо цвеќе пред споменикот на Методија Андонов Ченто на плоштадот „Македонија"



Положување на свежо цвеќе пред споменикот на Никола Карев пред Собранието на Р.М.

# СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЖЕТВАТА ВО АД „ЗК ПЕЛАГОНИЈА“- БИТОЛА



Претседателот Митревски и извршниот директор Томислав Давков на свеченоста

**1.8.2014**

На голем собир пред околу 600 вработени на 1.8.2014 година, свечено беше одбележан денот на завршување на жетвените активности на најголемиот комбината во Р. Македонија, АД „ЗК Пелагонија“- Битола.

По завршувањето на жетвата на јачменот и маслодајната репка заврши ја и жетвените активности на пченицата во овој комбинат. Пред најголемиот број вработени свое обраќање имаше менаџментот, предводен од г-н Цветан Панделевски, кој посебно укажа на значењето на овој чин на инвестиции кои се вложуваат и на мерките кои се превземаат за развој на комбинатот.

Од страна на извршниот директор, Томислав Давков, беа доделени и повеќе парични награди за најзаслужните работници.

На оваа свеченост присуствуваше и претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, кој посетата ја искористи и за дефинирање на терминот за потпишување на измените и дополнувањата на Колективниот договор, како и начинот на спроведувањето на мерите за безбедност и здравје при работа.

Инаку ваков вид на свеченост за прв пат се реализира во овој комбинат и е една од низата на мерки кои новите сопственици ги реализираат во делот на спроведување на корпоративната општествена одговорност и грижата за вработените.

# ВТОР МОДУЛ ОД „АКАДЕМИЈА ЗА МЛАДИ СИНДИКАЛНИ ЛИДЕРИ 2014“



Учесниците на ССМ на „Академијата за млади синдикални лидери 2014“

**23 и 24.8.2014**

На 23 и 24.08.2014 год. во хотел „Десарет“- Охрид, беше одржан вториот модул од „Академија за млади синдикални лидери 2014“, во организација на ССМ и фондацијата „Фридрих Еберт“ канцеларија Македонија.

Програмата од модулот беше презентирана од страна на проф. д-р Тодор Каламатиев, а темите кој беа обработувани се однесуваа на делот на Законот за работни односи, Постапка за засновање на работен однос и Договор за вработување. Од страна на присутните за овие теми се отвори широка дискусија, каде беа споделени мислења и аргументи "pro et contra" постоечката структура и содржина на Законот за работни односи.

За крај се изврши проценка на стекнатите знаења, во текот на овој модул, при што, од страна на учесниците на семинарот, беше констатирано дека истиот поминал успешно. Се донесе и генерален заклучок дека ваквиот начин и степен на обука на младите синдикални лидери, е потребен за понатамошно нивно проактивно делување на терен а со тоа и зацврстување на синдикалната организација.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА РАКОВОДСТВОТО НА ССМ НА СИНДИКАЛНАТА КАНЦЕЛАРИЈА СТРУГА



Претседателот д-р Митревски со секретарот и координаторот на СК Струга

**27.8.2014**

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски и секретарот, Анѓелко Анѓелковски беа во работна посета на синдикалната канцеларија во Струга.

Посетата беше наменета во делот на спроведувањето на кампањата за безбедност и здравје при работа и спроведување на колективните договори за приватен сектор на територијата на Струга. За тековната состојба и работата на синдикалната канцеларија во Струга реферираше координатор Радован Ивановски.

# СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД УСАИД МРЕЖА „YES“ - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЛЕСС -

**26.8.2014**

На ден 26.8.2014 година во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија, претседателот д-р Живко Митревски, имаше средба со директорот на проектот „YES“ од организацијата УСАИД од Вашингтон, д-р Мајкл Тетелман, главен меѓународен технички советник во Центарот за развој и едукација (EDC).

Целта на овој состанок беше да се разгледаат идеи и да се дадат предлози од страна на ССМ за активности со кои ќе се зајакне работата на Локални економско-социјални совети.

Претседателот Митревски, најнапред даде осврт на досегашната состојба и истакна дека:

- ССМ како репрезентативна организација на работниците во Република Македонија е определен да дејствува за унапредување и практикување на социјалниот дијалог во интерес на развојот на демократските односи и економските и социјалните права и интереси на работниците и нивната вкупна положба во општеството.

За ССМ, институционализиран, рамноправен и ефикасен социјален дијалог има значајна улога и е клучен фактор во стабилизирањето на социјалните односи и постигнување на подобри економски и развојни ефекти.



Претседателот д-р Митревски со д-р Мајкл Тетелман, главен меѓународен технички советник во Центарот за развој и едукација (EDC)

Тоа е најдобриот пат за стекнување меѓусебна доверба, почитување и толеранција на социјалните партнери и постигнување на социјален консензус, хармонизација на општествените и економски процеси, развој на демократските односи, постигнување на стратешките планирања и стабилизација на општиот развој на секое општество.

На иницијатива на Сојузот на синдикатите на Македонија и покренатата Кампања во 2013 година на Манифестацијата за одбележувањето на Први мај – Меѓународниот ден на трудот, во Република Македонија започна интензивно да се одвива процес за развивање на социјалниот дијалог на локално ниво и формирање на локални економско-социјални совети. Ова е потврда за потребата од институционализирање на социјалниот дијалог, особено значаен за локалните заедници во делот на креирањето на социјалните и економските политики кои ќе нудат подобра перспектива за сите.

Економско-социјалните совети остварувајќи ја својата советодавна и консултативна функција и со постигнување консензус со социјалните партнери придонесуваат за усогласување на потребите на трудот и локалната заедница, а со тоа отворање нови работни места, намалување на бројот на невработените и зголемување на вработувањата, посебно кај младата популација. Ние како ССМ сме уверени дека локалните економско-социјални совети во многу ќе ги подобрат состојбите за идентификување на потребите на пазарот на трудот меѓу приватниот и јавниот сектор; утврдување и правење соодветни анализи на меѓузависноста на образовниот систем и пазарот на трудот, потребата од доквалификација и преквалификација на работниците кои останале без работа; и воопшто подобрување на животниот стандард на работниците и граѓаните на Република Македонија.

До првата половина на 2014 година во Република Македонија се формирани 9 локални економско-социјални совети и е остварен договор со градоначалниците на општините Велес и Ресен за формирање на вакви совети и во овие градови.

Потпишани спогодби за формирање на локални економско-социјални совети во Република Македонија и членови на ЛЕСС од ССМ: Куманово, Гостивар, Тетово, Штип, Кавадарци, Струмица, Битола, Скопје и Гази Баба.



Потпишување на Спогодбата за формирање на ЛЕСС Струмица



Потпишување на Спогодбата за формирање на ЛЕСС Битола



Потпишување на Спогодбата за Формирање на ЛЕСС Гостивар



Потпишување на Спогодбата за Формирање на ЛЕСС Гази Баба



Потпишување на Спогодбата За формирање на ЛЕСС Скопје

Претседателот Митревски, во однос идните предизвици како и потешкотиите кој се јавуваат при функционирањето на ЛЕСС, истакна дека повеќе треба да се работи на:

1. Потенцирање на значењето на улогата на градоначалниците за давањето на поддршка за иницијативите покренати од ЛЕСС- овите;
2. Едукација на градоначалниците за значењето и потребата од формирање и функционирање на ЛЕСС- овите;
3. Правење на анализи за усогласување на потребите на пазарот на трудот со образованието;
4. Состанок на социјалните партнери од сите општини каде има формирано ЛЕСС- ови најмалку 2 пати годишно, со цел евалуација на сработеното и размена на искуства со тоа сите ќе бидат поактивни;
5. Сите учесници да пополнуваат одредени прашалници и анкети, со што процесот ќе се направи пораздвижен и ќе се допринесе за да се согледаат потребите на ЛЕСС- овите за нивно подобро функционирање.
6. Да се даде поголемо значење на медиумската покриеност за време на одржувањето на седниците на Советот на ЛЕСС
7. Поголема соработка со Агенцијата за вработување - АВРМ и др.

Директорот на проектот „YES“ од организацијата УСАИД од Вашингтон, д-р Мајкл Тетелман истакна дека невладината организација „УСАИД“ партиципира во основањето на локалните економско-социјални совети во Република Македонија со проектот: „Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување“ (Мрежа „YES“), со третата компонента „Јавно- приватен дијалог“. Целта е проширување на образованието на младите, со опфаќање и на други делови од населението, вклучувајќи ги и работниците. Идејата е локалните ЕСС да претставуваат форум за размена на мислења и покренување иницијативи од интерес за локалната заедница и предложи да се отвори конкурс за конвектирање за да се натераат општините да се натпреваруваа во однос на достигнувањата со што ќе се зголеми и мотивираноста за работа во ЛЕСС- овите.

На крајот на состанокот беше донесен заклучок да се направи уште една конференција на која ќе бидат поканети повеќе градоначалници од општини во кој сеуште нема формирано ЛЕСС- ови и тие да се запознаат со потребата, значењето и достигнувањата во општините каде што ЛЕСС функционираат.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

**РСП Тетово**
Одржана средба со поранешно вработените од „ Полет“-Тетово во стечај.

**СРСП Скопје**
Учество на дводневен семинар во хотел Арка во организација на МОТ на тема Мајчинството и татковството на работното место и унапредување на средината што го подржува семејството преку подобра заштита на мајчинството.
Работни посети на АД ГИМ , АД ЕЛЕМ и Централен регистар на РМ.

**РСП Охрид**
Работна посета на претседателот д-р Живко Митревски и секретарот Анѓелко Анѓелковски на приватната текстилна фабрика „ЗАБЕТ“ ДООЕЛ модна конфекција Оровник, Охрид, хемиската фабрика „АНДРОС“ДООЕЛ, АД „Хотел Метропол“, хотел Ривиера , хотел Десарет, ЛТХ „Леарница“ ДООЕЛ и Јавната установа Национален парк Галичица Охрид.

**РСП Велес**
Работни посети на ПШС Бабуна од Велес и текстилната фабрика Стоби и Дидо-Груп.
Пружена правна помош на вработени во фабриката за замрзната храна од Велес од страна на АГРО синдикатот во соработка со РСП Велес.

**РСП Куманово**
Одржани средби и контакти со вработени во Локална самоуправа и ЈП Водостопанство од Куманово.
Учество на работилница организирана од Агенцијата за вработување на која присуствуваа претставници и од Германија и Литванија.

**СП Прилеп**
Работна посета на претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски на ПШС Црн Бор Прилеп и „Витаминка“ Прилеп.
Одржани средби со вработени во АД Тутунски комбинат Прилеп и Еурокомпозит Прилеп.

**РСП Кавадарци**
Работни посети на винарска визба „Тиквеш“ и АД ЗП „ГД-Тиквеш“ Кавадарци. Средба со стечајните работници од МИК Кавадарци.
Пружена правна заштита .

**РСП Делчево**
Остварени средби и пружена правна помош на вработени и членови на синдикатот во ДНЗ Здравствен дом „Гоце Делчев“ , ГД „Гранит“ АД Скопје , ОЕ 11-то градилиште Делчево и општина Длечево.

**Синдикална канцеларија Гостивар**
Формирана нова синдикална организација во ЈП Комуналец Гостивар и одржана средба со новото раководство и синдикатот на СУТКОЗ.
Одржан еднодневен семинар на ЛЕСС во Гостивар на тема Анализа на пазарот на трудот за гостиварскиот регион.

**Синдикална канцеларија Кичево**
Изготвен приговор и тужба на вработен во АД Тајмиште Кичево заради престанок на работен однос.

**Синдикална канцеларија Струмица**
Остварена средба и пружена правна заштита на вработени во ИГМ „Еленица“ од Струмица.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та Ударна Бригада“бр. 2а, 1000 Скопје
контакт тел. 02 3161374, 02 3225 937